**20151293789**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 30 јули 2015 година.

Бр. 08-3429/1
30 јули 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ**

Член 1

Во Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр. 98/2012, 166/12 , 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14 ,160/14, 188/14, 20/15, 61/15 и 97/15 ) во членот 11 став (1) точката 14) сврзникот „ и“ на крајот од реченицата се заменува со точка.

Точката 15 се брише.

Во ставот (2) по бројот „9“ запирката се менува со свизрникот „и“ а по бројот „14“ зборовите „ и 15“ се бришат.

Член 2

Во член 28-а зборовите „ и 15“ се бришат.

Член 3

Во член 118 во ставот (1) зборовите „ и 15“ се бришат.

Член 4

Во член 119 во ставот (1) зборовите „ и 15“ се бришат.

Член 5

Во член 120 ставот (4) се брише.



www.pravdiko.mk

Член 6

Во член 125 ставот (7) се брише.

Член 7

Во член 148 ставот (2) се брише.

Ставот (3) станува став (2).

Член 8

Во член 198 ставот (2) се брише.

Член 9

Во член 199 став (1) во точката 6), точката и запирката на крајот од реченицата се заменува со точка.

Точката 7) се брише

Ставот (2) се брише.

Член 10

Се овластува Законодавно - правната комисија на Собрание на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Член 11

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 август 2015 година.



www.pravdiko.mk